Дневни билтени

2015
Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023

Извадок на ден од дневни настани 23.10.2023

На 22.10.2023 во 19.25 часот во Битола, полициски службеници од Криминалистичка полиција при СВР Битола го лишиле од слобода И.Ч.(24) од Битола, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. Но целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

Вчера (22.10.2023) околу 20.45 часот во рамки на „Безбеден град" полициски службеници од ОСОСК во соработка со Одделот за специјални полициски операции извршија заедничка контрола во угостителски објект во скопско Аračиново, при што е приведен сопственикот на објектот С.Ц.(34) од Аračиново. При преглед на присутните во угостителскиот објект, кај сопственикот е пронајден пиштол со полна рамка. По документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок по Законот за оружјето.

На 22.10.2023 во 14.00 часот на ГП Табановце, на влез во државата, извршена е контрола на Ј.В.(35) од Радовиш кој управувал патничко возило „БМВ" со шведски национални ознаки. При преглед и претрес на лицето и возилото биле пронајдени поголема сума пари во девизи повеќе од пријавеното. Ј.В. е предаден на царинската служба за понатамошна постапка и ќе се соочи со соодветен поднесок.

Денеска (22.10.2023) во 00.15 часот во Тетово, полициски службеници од СВР Тетово го лишиле од слобода Е.Б.(40) од Тетово, затоа што кај него биле пронајдени и одземени марихуана и нож. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (22.10.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територијата на град Скопје изречени се вкупно 124 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 66 санкции, девет мерки за возење без возачка дозвола, 11 санкции за управување под дејство на алкохол. Изречени се 19 санкции за непропишно паркирање, четири мерки за минување на затворен сигнал (црвено светло), три мерки за некорпстење сигурносен појас.

Во текот на вчерашниот ден (22.10.2023) во периодот од 16.00 до 20.00 часот Секторот за сообраќајни работи при Одделот за униформирана полиција при Бирото за јавна безбедност и Мобилната единица за безбедност на сообраќајот на патиштата спроведоа акциска контрола на територијата на општина Чаир во Скопје, за санкционирање на возачи кои не ги почитуваат сообраќајните правила и прописи. При контрола санкционираше се 70 возачи, од кои 22 за возење без возачка дозвола, осум возачи биле без лекарско уверение при возење на јавен превоз. Изречени се 10 мерки за непропишно вградени фолии (темнени стакла), седум санкции поради изминат важност на сообраќајната дозвола... На сите прекршители изготвени им се соодветни поднесоци.

На 22.10.2023 во 23.15 часот во Полициската станица Гази Баба, М.Д.(42) од Скопје пријавила дека на бул. „Александар Македонски" била касната од куче скитник.

На 22.10.2023 во 18.00 часот во Полициската станица Центар, Д.М.(47) од Скопје пријавила дека на ул. „Перница Савелиќ" била касната од куче скитник.

На 22.10.2023 во 21.00 часот во Полициската станица Чаир, Т.М.(28) од Скопје пријавила дека на ул.„Боро Менков" нејзиниот малолетен син бил каснат од куче скитник.

На 23.10.2023 полициски службеници од ОВР Свети Николе го лишиле од слобода Л.Б.(34) од Свети Николе. При претрес во неговиот дом во Свети Николе, извршен со судска наредба, пронајдени се и одземени марихуана и дигитална вага. За случајот е известен е јавен обвинител и на него комплетно документирање против лицето ќе биде поднесена соодветна кривична пријава.

Денеска (23.10.2023) полициски службеници од Отсеокот за недозволена трговија со дрога и оружје од Одделението за криминалистичка полиција при СВР Куманово во соработка со полициски службеници од Одделот за криминалистичка полиција при БЈБ на МВР, Сектор за недозволена трговија со дрога оружје и опасни материи и полициски службеници од Единицата за службени кучиња на МВР, по претходно обезбедена судска наредба, извршија претрес на две локации кај М.Ј.(29). При претресот во внесен куќа во место викано „Стари јолје" во Куманово, атар на нас.„Кирчиор", беа пронајдени марихуана, а при претресот во неговиот дом во Куманово пронајдени бил пиштол „Валтер" кал.7.65мм. и 11 куршуми кал.7.65мм. Лицето не било пронајдено во домот и по него се трага, а за случајот е известено ОЈО Куманово.

На 22.10.2023 во 11.50 часот во с.Мала Речица, тетовско од полициски службеници од СВР Тетово бил приведен М.Б.(60) од истото село, кој бил баран со судска наредба за издржување на затворска казна. Лицето било спроведено во КПУ Затвор Тетово.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Крива Паланка поднесе кривична пријава против С.Л.(30) од Ранковце, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „кражба". Во периодот од 24 до 26.09.2023 од место викано „Бела бука - Селиште", атар на с.Герман, општина Ранковце, тој одјел околу седум метри кубини огревно дрво, сопственост на М.Д., и со неговото товарно возило „мерцедес" ги одвел и растоварил кај физичко лица во Ранковце, на кои им кажал дека дополнително ќе им однесе непратинца. На тој начин тој го оштетил М.Д. за околу 23.000 денари.

На 22.10.2023 во 23.30 часот на подрачјето на Центар полициски службеници од Полициската станица Центар го лишиле од слобода А.Х.(44) од Скопје, поради тоа што околу 22.55 часот со остар предмет му упатувал закани на С.З.(50) од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

Денеска (23.10.2023) во 02.30 часот во СВР Скопје, Е.Р(37) од Скопје пријавила дека во угостителски објект на подрачјето на Центар со тврд предмет бил физички нападната од Е.Т.(женско лице). Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 22.10.2023 во 10.00 часот во СВР Тетово од полициски службеници од СВР Тетово бил приведен А.И.(72) од Тетово, по судска наредба, со која се барал за издржување на затворска казна. Тој бил спроведен во КПУ Затвор Тетово.

Денеска (23.10.2023) во 10.00 часот во СВР Скопје, И.М.(58) од Скопје пријавил дека на 02.10.2023 околу 14.30 часот на подрачјето на Бит Пазар бил физички нападнат од А.Ш. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Денеска (23.10.2023) во 01.45 часот од полициски службеници од Криминалистичка полиција при СВР Битола бил лишен од слобода А.Л.(69) од Битола, поради тоа што на 22.10.2023 околу 22.20 часот со огнено оружје усмртил куче и живина, сопственост на неговиот сосед. Кај него биле пронајдени и одземени ловечка пушка и 29 ловечки патрони калибар 12 мм. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 22.10.2023 во 09.25 часот во СВР Скопје било пријавено дека во водите на река Вардар кај Пешинково мост, бил пронајден починат Ј.Ш.(88) од Скопје кој на 15.10.2023 во Полициската станица Ѓорче Петров бил пријавен дека се одалечил од домот. Полициски службеници излегле на местото и од страна на припадници на БППЗ телото е извлечено од водите на реката, а лекар од Итна медицинска помош констатирал смрт. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје, а по наредба од Јавен обвинителот телото на починатиот било предадено за обдукција.

Денеска (23.10.2023) во 04.30 часот 47-годишна жена пријавила дека околу 00.45 часот во домот на подрачјето на Драчево била физички нападната од нејзиниот брат З.Н.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 22.10.2023 во 17.30 часот во СВР Скопје, Д.Ј.(26) од Скопје пријавил дека околу 13.30 часот на подрачјето на Центар, по претходно недоразбирање, бил физички нападнат од едно лице, возач на приватен автобус. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Велес поднесе кривична пријава против А.Ш.(43) од Велес, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". На 05.05.2023 во Велес, полициски службеници извршиле преглед над пријавениот и претрес во неговиот дом, при што биле пронајдени и одземени марихуана.

На 22.10.2023 во 05.00 часот 20-годишна жена пријавила дека околу 01.30 часот во Прилеп била физички нападната од нејзиниот моминe Л.Д.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 22.10.2023 во 13.00 часот во СВР Скопје, А.О.(51) од Скопје пријавил дека на 21.10.2023 околу 17.30 часот на подрачјето на Бит Пазар неговиот малолетен син бил физички нападнат од тројца малолетници. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 22.10.2023 во 13.50 часот во СВР Скопје, Е.В.(41) од Скопје пријавила дека околу 13.00 часот на подрачјето на Гази Баба била физички нападната од нејзиниот девер Б.В.. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 22.10.2023 во 21.20 часот во Куманово полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода Д.Д.(30) од Куманово, поради тоа што во угостителски објект физички нападнал вработен од обезбедување. Потоа во полициска станица тој агресивно се однесувал, оштетил мебел и нападнал полициски службеник. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 22.10.2023 во 23.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека на подрачјето на Бит Пазар, по претходно недоразбирање, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу А.А.(25) и неговите браќа А.А. и А.А., од една страна и К.О.(27) и Ј.Н. и Н.Н., од друга страна, сите од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 22.10.2023 во 08.30 часот било пријавено дека во с.Царев Двор, ресенско, Д.П. физички го нападнал Р.Ј. (27) од Р.Албанија. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 22.10.2023 во 15.20 часот во СВР Скопје било пријавено дека во домот на подрачјето на Ѓорче Петров бил пронајден починат Љ.С.(68) од Скопје. Од страна на лекар од Итна медицинска помош била констатирана смрт без видливи траги на насилство. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје, а по наредба од Јавен обвинителот телото на починатиот било предадено за обдукција.

На 22.10.2023 во 22.00 часот Ѓ.С.(42) од Битола пријавила дека околу 17.00 часот во Битола таа, Л.Ќ.(19) и Е.С. (32) биле физички нападнати од С.Б. и А.Б.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 22.10.2023 во 19.10 часот во СВР Скопје било пријавено дека пред спортска обложувалница на подрачјето на Радишани, по претходна расправија, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Д.Д.(46), А.Д.(32) и Р.Д.(29), од една страна и В.С.(31) и Б.С.(31), од друга страна, сите од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

Денеска (23.10.2023) во 00.20 часот А.С.(18) од Прилеп пријавил дека на 22.10.2023 околу 22.30 часот, во близина на угостителски објект, бил физички нападнат од А.Г.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 22.10.2023 во 18.30 часот во Полициската станица Гази Баба, С.П.(41) од Скопје пријавил дека на ул. „Архимедова" бил каснат од куче скитник.

На 22.10.2023 во 22.00 часот У.И.(50) од Струга пријавил дека околу 21.10 часот во Струга бил физички нападнат од неколку лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 22.10.2023 во 23.45 часот 33-годишна жена пријавила дека околу 20.30 часот во домот во Прилеп била физички нападната од нејзиниот сопруг И.М.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Денеска (23.10.2023) во 00.10 часот во казино во Тетово од полициски службеници од СВР Тетово биле приведени А.Б.(21) и Д.Б.(24), двојцата од РКосово, поради непријавен престој во РСМ. Тие биле задржани во полициска станица за понатамошна постапка.

СВР Велес поднесе кривична пријава против Д.И.(44) од Велес, поради постоење основи на сомнение за сторени две кривични дела „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". На 11.09.2023 во Велес, полициски службеници извршиле преглед над пријавениот, при што пронашле и одделе марихуана. Истиот ден, бил извршен претрес во неговиот дом и преглед во неговото возило, при што, исто така, била пронајдена и одземена марихуана.

На 22.10.2023 во 14.30 часот во Велес полициски службеници од СВР Велес го лишиле од слобода А.Р.(40) од Велес. Тој на 21.10.2023 околу 10.30 часот во домот, исправал со бензин и се заканувал на неговите сопруга, мајка и двете деца. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 22.10.2023 во 20.30 часот 20-годишна жена пријавила дека околу 06.00 часот во домот во Куманово била физички нападната со тврд предмет од нејзиниот невенчан сопруг Л.А.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.